Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 24-09-2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 13 | 11 | | |


ЛЕВИЦА ЛЕВИЦА

**Итно !**

**ДО: АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**ПОДНОСИТЕЛ: Политичка партија ЛЕВИЦА**
[ВО СВОЈСТВО НА ОПОЗИЦИСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА]

Врз основа на членот 24 од *Уставот на Република Македонија* (1991); чл. 3, ст. 1 од *Законот за постапување по претставки и предлози* (Сл. весник на РМ бр. 82/2008 и 56/09, 13/13, 156/15, 193/15); како и чл. 2, ст. 1, чл. 4, ст. 1, ал. 1 и 8, чл. 14 и чл. 138 од *Законот за општата управна постапка* (Сл. весник на РМ бр. 124/2015 и 65/18) до Вас – како надлежен орган – ја поднесуваме оваа писмена

# ПРЕТСТАВКА
## Реакција и правно мислење околу толкувањето на најновите измени на Изборниот законик

*Почитувани,*

Реагираме по повод неофицијалните информации кои стигнаа до нас, како политичка партија со статус на потврден учесник на претстојните Локални избори 2021, во врска со произволното и противправно толкување на најновите измени на *Изборниот законик* (Сл. весник на РМ бр. 215.2021) – поточно одредбата стипулирана во **чл. 75-ѓ, ст. 1** која предвидува дека:

„За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои:
- за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор;
- за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република

Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор;
- за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за
пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор; и
- за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор"!

Ве известуваме дека единствени **две партии** кои го исполнуваат овој екплицитен законски услов е Политичката партија ЛЕВИЦА (2 пратеника) и Политичката партија ДПА – Демократска партија на Албанците (1 пратеник) коишто на последните предвремени Парламентарни избори 2020 настапуваа самостојно, како засебни субјекти, и освоија под пет мандати – колку што, според чл. 33, ст. 2 од *Деловникот на Собранието на РМ*, треба за основање на пратеничка група.

Евентуалното екстензивно толкување на оваа одредба, во сегашнава ситуација, тука би ги додала и пратениците на БЕСА (4 пратеници), како и пратениците на сегашната коалиција ЛДП+ДОМ (2 + 1 = 3 пратеници) – што значи **вкупно 4 субјекти** кои званично, со писмо до Претседателот на Собранието на РМ, се изјасниле дека ќе делуваат како „независни пратеници" без да припаѓаат на биту една пратеничка група!

Но, вклучувањето на било кој друг субјект надвор од овие (пр. ГРОМ, ВМРО-НП, Демократска партија на Турците, на Ромите или било која следна партија која настапува **во коалиција со СДСМ или со ВМРО-ДПМНЕ** во парламентот – е наприфатливо и противзаконско, така што доколку не ја корегирате ваквата Ваша одлука која оди диреткно на наша штета, ќе бидеме принудени судски да побараме изрекување на привремена мерка за забрана на исплата на буџетското финансирање, а дополнително да поднесеме и кривични пријави за „злоупотреба на службената положба и овластување" против Директорот и одговорните лица, т.е. раководителите во АВМУ поименично.

Со надеж дека овојпат ќе наидеме на професионалност и разбирање од Ваша страна, стоиме на располагање за **дополнителни правни консултации** на темава.

Скопје
23.IX.2021

***Подносител:***
ПП ЛЕВИЦА
**Застапник по закон/претседател:**

*Пратеник во Собранието на РМ*